# Упатство за поврзување со фискалниот печатар HDe и исчитување на сметките од тековната смена

**Важно: При приклучување на фискалниот печатар HDe заради исчитување на податоците од тековната смена се нарушува постојната врска на печатарот со персоналниот компјутер. Заради тоа, исклучително е значајно врската да се обнови по завршувањето на контролата, за продажниот објект да може да продолжи да работи. По враќањето на системот во претходна состојба Ве молиме да ја проверите неговата функционалност (да се отпечати сметка) и во случај на било каков проблем да ги контактирате нашите сервисни центри.**

За физичко поврзување на фискалниот печатар потребен е USB кабел со конектор USB A-Type за поврзување кон персоналниот компјутер и USB B-Type за поврзување кон фискалниот печатар.

USB A-Type конектор - кон персоналниот компјутер

слика 1. 

USB B-Type конектор - кон фискалниот печатар

Кабелот треба да се приклучи во портата USB-B на фискалниот печатар:




При приклучување на фискалниот печатар на персоналниот компјутер потребно е да се инсталираат драјвери: DrajveriUSBHDe.

Доколку фискалниот печатар е веќе поврзан со USB комуникација (USB-B) треба на местото на постојниот кабел да се приклучи кабелот за поврзување со персоналниот компјутер на инспекторот.

Доколку фискалниот печатар HDe е поврзан на сериска комуникациска порта (COM 2), на фискалниот печатар потребно е да се конфигурира како активна USB комуникациската порта на следниот начин:

1) Со притискање на копчето ОК на тастатурата се влегува во главното мени:




слика 2.

2) Со стрелка десно се одбира опцијата ‘2. Подесување‘ и изборот се потврдува со притискање на копчето ОК:




слика 3.

3) Со стрелка надолу се одбира опцијата ‘2. Конфигурација‘ и изборот се потврдува со притискање на копчето ОК:




слика 4.

4) Со стрелка надолу се одбира опцијата ‘2. Комуникација‘ и изборот се потврдува со притискање на копчето ОК:



слика 5.

5) Со стрелка надолу се одбира опцијата ‘4. Поврзаност на портите‘ и изборот се потврдува со притискање на копчето ОК:



слика 6.

6) Со стрелка лево се менува параметарот на COM2 (RS232) комуникациската порта од ‘1 PC‘  во ‘0 (Не)‘



слика 7.

7) и изборот се потврдува со притискање на копчето ОК:



слика 8.

8) Со стрелка десно се менува параметарот на COM3 (USB) комуникациската порта од ‘0 (Не)‘ во ‘1 PC‘



слика 9.

9) и изборот се потврдува со притискање на копчето ОК:

10) Понатаму се потврдува постојната поставеност на параметрите со притискање на копчето ОК се додека не се вратиме на менито:



слика 10.



слика 11.



слика 12.



слика 13.

11) Потоа со притискање на копчето ‘C‘ се враќаме на основниот екран (со часовникот)

Се активира програмот за исчитување HDESDReader.exe

Се одбира комуникациската порта за поврзување со фискалниот печатар на следниот начин:




Со притискање на копчето ‘Прочитај‘ се исчитуваат сметките од тековната смена




```
C0000000          ********************************************
D0002020                  Ф И С К А Л Н А   С М Е Т К А
C0000000                             # 0001
C0000000                     Макпетрол А.Д Скопје
C0000000                 ул. Св. Кирил и Методиј бр.4
C0000000           БЕНЗИНСКА СТАНИЦА бр.142 Крива Паланка II
C0000000             ул. Григор Прличев бр.2 Крива Паланка
C0000000
C0000000 ДАН.БРОЈ:                                       4030954258093
C0000000 ДДВ. БРОЈ:                                    МК4030954258093
C0000001 ~~~~~~~~~~~~~~~~~~~~~~~~~~~~~~~~~~~~~~~~~~~~~~~~~~~~~~~~~~~~~~~~
C0000000 тест1  1*1.00                                          1.00 А
C0000000 тест2  1*2.00                                          2.00 А
C0000001 ~~~~~~~~~~~~~~~~~~~~~~~~~~~~~~~~~~~~~~~~~~~~~~~~~~~~~~~~~~~~~~~~
C0002020 В К У П Е Н   П Р О М Е Т :                         Д Е Н   3
C0000001 ~~~~~~~~~~~~~~~~~~~~~~~~~~~~~~~~~~~~~~~~~~~~~~~~~~~~~~~~~~~~~~~~
C0000000 ВК. ДДВ                                                0.46
C0000000 ВК. ДДВ А 18.00%                                       0.46
C0000001 ~~~~~~~~~~~~~~~~~~~~~~~~~~~~~~~~~~~~~~~~~~~~~~~~~~~~~~~~~~~~~~~~
C0000000 Готовина:                                                3.00
C0000001 ~~~~~~~~~~~~~~~~~~~~~~~~~~~~~~~~~~~~~~~~~~~~~~~~~~~~~~~~~~~~~~~~
C1000000 SIT000057600000004 ffffffffffbe6dc2bb67469224c9df9145aa8accf4
C1000000 712ed6db31cfacd5ab1940f3646cd0175fd39381b8cb30cf0398b52061e6e39d
C1000000 8036d4fd50f6fa7773eb2257b7c9febc07bed9322fc0333bccfd5484d16aaca3
C1000000 13df5fc9ee1d40f8a992b39205fc011bd03956f51ea48b413bd46fbdba733efb
C1000000 b412b279679a9eef9608b8b00a7ccd7af5b794c5aaaaaaaaaaaaffffffffff
C1000000 f97e90a60ecac2d8c7c625e587cb268a3f58fe16add467fde9adc0e0201092b0
C1000000 dbd2d705f7538a87368ab1e055ae115fb712608aa06ef38005f15fcbd1646296
C1000000 fdc6b8735bbdb729edbea2d25a3ca0ab79f1a2dfa55846e70224a6fe83fca29f
C1000000 eb9494af343ef4a5cbca7d2da5c0ccef4bc0b814fdf7efeda39a709a502cfa71
C5000000 5fad4a03aaaaaaaaaaaa
C0000000                        20:07 30-09-2015
C0000000                            # 157511
C0000000
C0000000                           MP635000060
C0000000                           MP635000060
C0002020                  Ф И С К А Л Н А   С М Е Т К А
C0000001 ~~~~~~~~~~~~~~~~~~~~~~~~~~~~~~~~~~~~~~~~~~~~~~~~~~~~~~~~~~~~~~~~
C0000000
C0000000 B160034 #1 МБ4754
40000000 □CRC:53EE324F 20150930200700160034010015751l1
C0002020                    С Т О Р Н А   С М Е Т К А
```

Важно: По завршувањето на исчитувањето неопходно е потребно да се врати фискалниот печатар во претходната состојба:

Доколку фискалниот печатар користел USB комуникација (USB-B) треба да се приклучи поторно постојниот кабел.

Доколку фискалниот печатар HDe е поврзан на сериска комуникациска порта (COM 2), на фискалниот печатар потребно е да се истата да се конфигурира како активна на следниот начин:

1) (До точка 5. исто како во процедурата за поврзување)

2) Со стрелка надолу се одбира опцијата ‘4. Поврзаност на портите‘ и изборот се потврдува со притискање на копчето ОК:




3) Со стрелка  десно се менува параметарот на COM2 (RS232) комуникациската порта од ‘0 (Не)‘ во ‘1 PC‘




4) и изборот се потврдува со притискање на копчето ОК:




5) Со стрелка лево се менува параметарот на COM3 (USB) комуникациската порта од   ‘1 PC‘ во ‘0 (Не)‘




6) и изборот се потврдува со притискање на копчето ОК:

7) Понатаму се повторува процедурата за поврзување до враќање на основниот екран (со часовникот)